Уп. бр. 08-18

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Фолксваген Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Ривиан Аутомотив, Инк. со регистрирано седиште на 14600 Мајфорд Роуд, 92606 Ирвајн, Калифорнија, Соединетите Американски Држави доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.02.2025 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Фолксваген Акциенгезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Ривиан Аутомотив, Инк. (Rivian Automotive, Inc.), со регистрирано седиште на 14600 Мајфорд Роуд, 92606 Ирвајн, Калифорнија, Соединетите Американски Државикоја ќе формираат целосно функционално заедничко вложување за деловно работење со трети страни во однос на технологии за системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture), иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.01.2025 година, а дополнето на ден 07.02.2025година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Фолксваген Акциенгезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Ривиан Аутомотив, Инк. (Rivian

Automotive, Inc.), со регистрирано седиште на 14600 Мајфорд Роуд, 92606 Ирвајн, Калифорнија, Соединетите Американски Држави, со кое Фолксваген Акциенгезелшафт и Ривиан Аутомотив, Инк. ќе создадат целосно функционално заедничко вложување за деловно работење со трети страни во однос на технологии за системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Фолксваген Акциенгезелшафт** со седиште во Волфсбург, е германски производител на автомобили. Фолксваген е владејачко друштво на Фолксваген Групацијата.

Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво претежно со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген Групацијата се занимава и со дистрибуција на возила. Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите на моторни возила Фолксваген (Volkswagen), Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршл ( Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Бугати (Bugatti), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Дополнително, Фолксваген Групацијата неодамна го има основано брендот МОИА (MOIA), активен во развојот и пласирањето на решенија за услуги за мобилност, како што се возила на повик (*ride hailing*) и споделување на возила (*car sharing*).

Што се однесува до патничките автомобили, Фолксваген ги развива, произведува, пласира на пазарот и продава под брендовите Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Бугати (Bugatti), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT) и Купра (Cupra). Активностите на Фолксваген опфаќаат и автомобили од секакви класи и значајни технологии на возење, како што се автомобилите на бензин и дизел со мотори на внатрешно согорување („МВС"), електрични возила на батерии („ЕВБ"), хибридни електрични возила на полнење (*plug-in*; „ХЕВП") и хибридни електрични возила („ХЕВ").

Што се однесува до комерцијални возила, Фолксваген ги развива, произведува, пласира на пазарот и продава под брендовите МАН (MAN), Сканиа (Scania), Навистар (Navistar), Фолксваген Трак & Бас (Volkswagen Truck & Bus), ТРАТОН СЕ (TRATON SE) и Фолксваген Комршл Виаклс Карс (Volkswagen Commercial Vehicles Cars).

Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG ) и неговите зависни друштва.

Преку своето зависно друштво КАРИАД СЕ (CARIAD SE), Фолксваген ги нуди своите капацитети за развој на софтвер во рамките на групацијата. Ова ги вклучува системите за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) и оперативен софтвер. Сите

производи поврзани со софтвер се претежно развиени за интерна употреба на Фолксваген.

-Фолксваген Групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

-ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност 64.91 - финансиски лизинг;

-ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3 и со регистрирана приоритетна дејност 66.22 - дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

-СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност- трговија со останати моторни возила;

-ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност - трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

**-Ривиан Аутомотив, Инк.** корпорација основана во согласност со законите на Делавер, САД, и американски производител на автомобили кој развива и создава ЕВ и помошна опрема. Возилата на Ривиан Аутомотив, Инк се произведуваат во САД и се продаваат директно на приватни и комерцијални клиенти.

Ривиан Аутомотив, Инк е друштво кое котира на NASDAQ берзата, со главно седиште во Ирвајн, Калифорнија, САД.

Во својата единица за потрошувачки возила, Ривиан Аутомотив, Инк ја лансираше Р1 платформата со патничките возила од прва генерација: Р1Т (R1T), пикап петосед со два реда, и Р1С (R1S), спортско теренско возило (СУВ), седмосед со три реда. Моментално, Ривиан Аутомотив, Инк ги продава овие патнички автомобили само во САД и Канада. Патничките автомобили на Ривиан Аутомотив, Инк се базирани на целосно електрична технологија за возење.

Во својата единица за комерцијални возила, Ривиан Аутомотив, Инк ја лансираше својата Ривиан Комршл Вен (Rivian Commercial Van) платформата, која ја поддржува варијантата на електричната комбе за достава, дизајнирана и развиена од Ривиан Аутомотив, Инк во соработка со клиент од САД.

Како дополнување на активностите за патнички возила, Ривиан Аутомотив, Инк нуди и услуги со додадена вредност, вклучувајќи дигитално овозможено финансирање и лизинг, осигурување базирано на телематика, проактивен сервис на возила (одржување и поправка), софтверски услуги и решенија за полнење.

Ривиан Аутомотив, Инк ги проектира, развива, произведува и управува со Ривиан Адвенчр Нетворк (Rivian Adventure Network) брзите полначите за еднонасочна струја со голема моќност на локации низ Северна Америка, за да им овозможи на клиентите полнење на своите ЕВ.

Покрај комерцијалните возила, Ривиан Аутомотив, Инк ја нуди ФлиитОС (FleetOS), сопствена, сеопфатна централизирана платформа за управување со возни паркови, достапна преку претплата. Таа опфаќа дистрибуција на возила, сервис, телематика, софтверски услуги, полнење, управување со поврзаност, Driver+, и управување со животен циклус.

Понатаму, Ривиан Аутомотив, Инк е активно во развојот на поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) и оперативен софтвер за ЕВ. Досега, Ривиан Аутомотив, Инк развива ваков софтвер само за интерна употреба и не ја продава на трети страни својата технологија за системи на поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) и соодветниот оперативен софтвер.

Ривиан Аутомотив, Инк не е присутен и не остварува приходи во Северна Македонија.

**-Заедничкото вложување** сè уште не е основано.

Подносителите ќе основаат целосно функционално заедничко вложување за деловно работење со трети страни во однос на технологии за системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) развиени од страна Ривиан Аутомотив, Инк и Фолксваген Груп Технолоџи, ЛЛЦ со регистрирано седиште на 1209 Оренџ Стрит, Вилмингтон, Њу Касл Каунти, Делавер 19801, Соединетите Американски Држави, („РФГТ”). РФГТ, заедничко вложување основано од Подносителите, кои имаат по 50% учество, е фокусирано на развој на зонски системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture), технологија базирана на софтвер која се користи во електричните возила („ЕВ”) на Подносителите, а работи од 13 ноември 2024 година. РФГТ не го исполнува критериумот на целосна функционалност со оглед дека ќе функционира единствено како субјект за заеднички развој на Подносителите и нема на пазарот да врши деловни активности со трети страни.

Планираниот удел во заедничкото вложување на секој од подносителите е по 50%. Иако сè уште дискутираат за составот на управниот одбор, Фолксваген Акциенгезелшафт и Ривиан Аутомотив, Инк во секој случај ќе имаат еднакви права во однос на стратешките одлуки во заедничкото вложување и ќе остваруваат заедничка контрола над заедничкото вложување. Нема во догледна иднина план заедничкото вложување да биде активно во Северна Македонија.

Планираното заедничко вложување ќе понуди технологија на зонски системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) или делови од неа на трети страни кои не се поврзани со Ривиан или Фолксваген, за вградување во патнички возила продавани од страна на клиентите - трети лица.

Развојот на софтвер и технологија за деловното работење со трети страни потоа ќе биде ексклузивно отстапен на РФГТ. Заедничкото вложување ќе склучи договор со РФГТ за преземање на релевантните услуги и создавање на бараниот софтвер и технологија. Доколку материјал на трети лица се смета за релевантен, Заедничкото вложување ќе ги обезбеди сите потребни лиценци.

Заедничкото вложување самостојно ќе преговара со клиентите - трети страни во рамките определени во Табелата со услови договорена помеѓу Фолксваген Акциенгезелшафт и Ривиан Аутомотив, Инк. Конкретните преговори со секој поединечен клиент - трета страна ќе се одвиваат без вклучување на Фолксваген Акциенгезелшафт и Ривиан Аутомотив, Инк, но во случај да биде потребна техничка поддршка со вклучување и

инпут од РФГТ. Клиентите - трети лица нема да бидат директно вклучени и нема да имаат директен договорен однос со Ривиан или Фолксваген.

Дополнително, планираното Заедничко вложување ќе се занимава и со нудење на технологии за системи за поврзување на електронски компоненти (E/E architecture) или делови од истите на трети лица - производители на оригинална опрема за интеграција во продажните програми на Фолксваген за платформи, скејтборди и шасиски компоненти („Деловно работење со скејтборди/шасии на Фолксваген”) или било која друга програма за продажба на платформи, скејтборди/шасиски компоненти. За оваа цел, Фолксваген и Заедничкото вложување ќе соработуваат и меѓусебно ќе се координираат во договарањето на договори со клиентите на Деловно работење со скејтборди/шасии на Фолксваген.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**